Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 21.03.2020

На 20.03.2020 во 13,15 часот, од страна на полициски службеници од СВР Скопје на ул."Мајка Тереза" при извршен преглед кај Е.Х.(19) од Скопје бил пронајден нож на преклоп. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.03.2020 во 20,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул."Јужен булевар" при извршен преглед кај И.М.(34) од Скопје пронашле нож на расклопување. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.03.2020 во 15,50 часот во Полициската станица Гази Баба Ф.В.(37) од Скопје, пријавил дека на патеката на кејот на Вардар, во близина на пешачкиот мост во нас.Ќерамидница бил каснат од куче скитник во пределот на двете нозе.

На 20.03.2020 во 10,00 часот во Полициската станица Карпош В.С.(31) од Скопје пријавил дека на бул."Партизански Одреди" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 20.03.2020 во 18,10 часот било пријавено дека во Радовиш на ул."Илија Алексов" патничко моторно возило "Опел Корса" со радовишки регистарски ознаки управувано од А.Е.(62) од Радовиш удрило во пешакот С.Ј.(60) од Радовиш. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Клиничката болница во Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 20.03.2020 во 03,21 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул."Радован Ковачевиќ" било опожарено патничко моторно возило "БМВ" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ш.П.(30) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2020 во 18,26 часот било пријавено дека на ул.„Жил Верн" две лица со употреба на физичка сила извршиле разбојништво над Г.А.(61) од Скопје при што му одзеле еден пиштол и пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.03.2020 во 02,45 часот во СВР Охрид, С.Н.(56) од Охрид пријавила дека додека заедно со нејзиниот син Д.Н. биле во нивниот дом на место викано "Чекоштина" во Охрид го забележале И.Б.(30) од Охрид како ја скршил влезната врата и фрлил со камен кон С.Н. а потоа ја турнал на подот упатувајќи закани кон неа и нејзиниот син. Потоа И.Б. излеглол надвор и ги искршил масата и столиците по што заедно со О.Л.(33) од Охрид кој го чекал во непосредна близина на куќата го напуштиле местото на настанот.Извршен бил увид од увидна екипа од СВР-Охрид. По превземени мерки И.Б. бил приведен во полициска станица за понатамошна постапка, а О.Л. бил повикан во полициска станица за целосно расчистување на случајот.

На 20.03.2020 во 06,47 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во дом на ул."Славеј планина" имало починато новороденче. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот и утврдено било дека се работи за бебе на возраст од еден месец. Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт. По наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.03.2020 во СВР Куманово, О.З.М.(59) од Куманово, пријавила дека на 13.02.2020 од домот се оддалечил нејзиниот син Ф.З.(36). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.03.2020 во 17,41 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул."Ѓуро Ѓоновиќ" три деца на возраст од 13,10 и осум години биле повредени по пад на ѕид, од објект во изградба. Тие биле пренесени во Градската општа болница "Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош и од страна на лекар констатирани им биле телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.03.2020 во 11,00 часот било пријавено дека во Куманово, при обработка на земјиште во атар на с.Проевце, М.П.(70) од Куманово се повредил со култиватор. Тој бил пренесен во Општата болница во Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 20.03.2020 во 19,20 часот било пријавено дека на ул. "Народен фронт" по претходна расправија околу должничко доверителни односи бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу И.М.(34), В.М.(28) и Б.М.Ѓ.(34) сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.6 и чл.11 од ЗППЈРМ.

На 20.03.2020. во 20,30 часот било пријавено дека на ул."Македонско Косовска бригада" по претходна расправија околу должничко доверителни односи А.А.(34) и Е.И.(33) двајцата од Скопје биле физички нападнати од Ш.Љ., Ј.Љ. и С.Љ. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.03.2020 во 16,10 часот Е.И.(31) од с.Грушино-скопско, пријавил дека на ул."Радован Ковачевски" по претходна расправија бил физички нападнат од едно непознато лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.03.2020 во 16,00 часот било пријавено дека во с.Црник, А.Г.(27) од с.Црник, управувајќи трактор „ИМТ 533" изгубил контрола и се превртел. А.Г. се здобил со повреди по што бил пренесен во Итната медицинска помош во Берово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од Полициската станица Берово.

На 20.03.2020 во 08,45 часот во Велес на ул.„Ангел Мишев" полициски службеник додека преземал службени дејства, бил физички нападнат од И.Р.(38) од Велес. И.Р. бил приведен во полициска станица.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет